РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
MINISTRIA E SHËNDETËSISË
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено<br>E pranuar | 28.09.2021 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Единица<br>Njësia Org. | Број<br>Numër | Прилог<br>Shtojcë | Вредност<br>Vlera |
| | | | |

**ЕНЕРЏИ МЕИНТЕНЕНС СОЛУШНС ДОО**

Бул.Св.Климент Охридски бр.30
1000 Скопје
Тел: +389 2 5512530; Факс: +389 2 3215 064
e-mail: todor.angjushev@energy-ms.com.mk

ЕНЕРЏИ МЕИНТЕНЕНС СОЛУШНС ЕМС ДОО
бр. 03-151
28.09.2021 год.
СКОПЈЕ

ДО

Друштво за управување со проекти ЕОС Е.Е.
Митрополит Теодосиј Гологанов бр.59-2/1

Копија до
Министерство за здравство
Ул. 50-та Дивизија бр.14, Скопје

**Подносител:** ЕНЕРЏИ МЕНТЕНЕНС СОЛУШНС ЕМС ДОО Скопје со седиште на Бул. Свети Климент Охридски бр.30 Скопје, преставувана од управител Тодор Анѓушев

Друштво за управување со проекти
ЕОС Е.Е ДОО Скопје
Примено 28.09.2021

**Предмет:** Одговор на Допис 05-220/23 од 27.09.2021

Почитувани,

Ви благодариме за доставениот Допис 05-220/23.

Би сакале да нагласиме дека за наодите кои ги обработува вашиот допис 05-220/23 од 27.09.2021, ЕМС ДОО Скопје како совесен изведувач ве информираше Вас како Надзор и Инвеститорот Министерство за здравство на состанокот кој се одржа во нашите простории на 27.09.2021.

Актуелниот Елаборат за заштита од пожар, експлозии и опасни материи а кој треба да е изработен врз основа на Правилникот за мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи објавен во Сл. Весник на РСМ бр. 231 од 25.09.2021 сам по себе содржи недостатоции и недоследности. Но и Правилникот за мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи објавен во Сл. Весник на РСМ бр. 231 од 25.09.2021 во членот 28 недоволно блиску и прецизно ја обработува предметната проблематика, па дури и Елаборатот да бил целосно изработен согласно Правилникот повторно би содржел недостатоци.

Оттука, по консулатација со еминентни стручни лица како што се професори на градежен факултет и во координација со меѓународни стандарди на кои упатува самиот Правилник, иако цениме дека Основниот проект во најголем дел ги задоволува стандардите за заштита од пожари, експлозии и опасни материи за класа на објекти во кои спаѓаат предметните објекти, сепак решивме да порачаме да се изработи нов Елаборат за заштита од пожар, експлозии и опасни материи кој би се изработил во рок од една недела а кој во координација со Надзорот и Инвеститорот би бил основ за подобрување на објектот.

Сите можни решенија кои би произлегле, ЕМС ДОО како Изведувач цени дека нема да влијаат на досега произведеното и срботеното на терен и не пречат за понатамошно одвивање на работите.

Со почит,

**ЕМС ДОО Скопје**

Тодор Анѓушев

Друштво за технички прегледи, испитување и анализа ЕНЕРЏИ МЕИНТЕНЕНС СОЛУШНС ЕМС ДОО СКОПЈЕ